**Известување за концентрација кое се однесува на создавање на заедничко вложување од страна на АП Сигма с.р.о., Чешка и е ЦИПХЕР СОЛУТИОНС, а.с., Чешка кое ќе управува со Георгиана Центарот, Чешка**

**(предмет бр. 08-127 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 208/24 и 16/25), на ден 01.09.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое АП Сигма с.р.о. (AP Sigma s.r.o), со регистрирано седиште на адреса Храдчанске намести 56/16, Храдчани, 118 00 Прага 1, Чешка и ЦИПХЕР СОЛУТИОНС, а.с. (CIPHER SOLUTIONS, a.s.), со регистрирано седиште на адреса Европска 866/71, Воковице, 160 00 Прага 6, Чешка ќе основаат заедничко вложување кое ќе управува со Георгиана Центарот (Georgiana Centre) лоциран во Прага, Чешка.

**-АП Сигма с.р.о.** е активна во издавање под закуп на недвижности, станови и деловни простории, како и во управување со сопствен имот. Единствен содружник на АП Сигма с.р.о. е Архиепископијата на Прага.

АП Сигма с.р.о. нема зависно друштво во Северна Македонија и не е присутен на пазарот на Северна Македонија на било кој начин.

**-ЦИПХЕР СОЛУТИОНС, а.с.,** е акционерско друштво основано во согласност со законите на Чешка. Засега е „празно" друштво без сопствени деловни активности.

Единствен акционер на ЦИПХЕР СОЛУТИОНС а.с. е ККЦГ Реал Естате Гроуп а.с., со седиште на адреса Европска 866/71, Воковице, 160 00 Прага 6, Чешка. ККЦГ Реал Естате Гроуп а.с. е дел од мултинационалната финансиска и инвестициска група ККЦГ Групација и ги претставува активностите на групацијата во областа на недвижности. ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, меѓу кои: лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот на оперирање со терминали за видеолотарија и пазарот на ИТ и во Северна Македонија ги има следните зависни друштва:

- Друштво за посредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со региситрирано седиште на ул. Киро Глигоров бр.2, Скопје и приоритетна дејност-дејности на коцкање и обложување;
- Друштво за приредување на игри на среќа Државна Видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, со региситрирано седиште на ул. Киро Глигоров бр.2, Скопје и приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување;
- Друштво за информатичка технологија АВЕНГА ДООЕЛ Скопје (со претходен назив СЕАВУС ДООЕЛ Скопје), со региситрирано седиште на ул.11ти Октомври бр.33А/Центар 1, Скопје и со приоритетна дејност Компјутерско програмирање;

- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации ВЕНГА АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив КИНШИФТ АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје) со региситрирано седиште на ул.11ти Октомври бр.33А/Центар 1, Скопје и
- Друштво за производство, трговија и услуги МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со регситрирано седиште на ул. 11ти Октомври бр.33А/Центар 1, Скопје и со приоритетна дејност Компјутерско програмирање.

Планираната концентрација се состои од создавање на заедничко вложување кое ќе управува со Георгиана Центарот кој се наоѓа во Прага, Чешка.

Релевантен пазар за концентрацијата се дејностите на музеи и галерии во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

02.09.2025 година

Скопје